Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт**

Сектор за уредување на просторот

13. Ноември, 2025 година

Архивски број: 67-1215/37

Министерството за транспорт, решавајќи по барањето од Друштво за проектирање, трговија и инженеринг „Урбан Проектинг" дооел Велес со број 64/25 од 12.11.2025 година за одобрување на **Планска Програма за изработка на Изменување и дополнување на урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на ветерен парк (за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет над 10MW) во општина Штип, општина Радовиш и општина Карбинци, изработена од Друштво за проектирање, трговија и инженеринг „Урбан Проектинг" дооел Велес со тех. број 64/25 од ноември 2025 година, аплицирана во информацискиот систем „е-урбанизам" како постапка број 76199**, заведени во архивата на Министерството со број 67-1215/35 од 13.11.2025 година, врз основа на член 44 став (8) од Законот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на Република С. Македонија", бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25), а во врска со член 87 став 1 и член 88 од Законот за општа управна постапка („Сл. Весник на Република Македонија" бр. 124/15), го донесува следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

СЕ ОДОБРУВА Планска Програма за изработка на Изменување и дополнување на урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на ветерен парк (за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет над 10MW) во општина Штип, општина Радовиш и општина Карбинци, изработена од Друштво за проектирање, трговија и инженеринг „Урбан Проектинг" дооел Велес со тех. број 64/25 од ноември 2025 година.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Друштво за проектирање, трговија и инженеринг „Урбан Проектинг" дооел Велес достави барање за одобрување на Планска Програма за изработка на Изменување и дополнување на урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на ветерен парк (за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет над 10MW) во општина Штип, општина Радовиш и општина Карбинци, со плански опфат (412.36 ха), плански период (2025-2035), изработен „Урбан Проектинг" дооел Велес " со тех. број 64/25 од ноември 2025 година.


Министерство за транспорт
Република Северна Македонија
Ул. „Црвена Скопска Општина" бр. 4,
1000 Скопје
+389 2 3145 451
www.mtc.gov.mk

Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт**

Сектор за уредување на просторот

Комисијата за урбанизам формирана од Министерот за транспорт со Решение број 02-4476/1 од 09.06.2025 година, по извршениот увид во пропратната документација и изработената Планска програма, констатира дека истата може да се одобри и тоа го потврди со Предлог за одобрување, број 67-1215/36 од 13.11.2025 година.

Во прилог на постапката се приложени:

- Полномошно од Пјотр Даниел Волосзченко, управител на „ИНВАЛЛ МАК“ ДООЕЛ Скопје за Биљана Тасева, управител на Друштво за проектирање, трговија и инженеринг „Урбан Проектинг“ дооел Велес со цел за спроведување на постапката за подготовка и донесување на Изменување и дополнување на урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на ветерен парк (за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет над 10MW) во општина Штип, општина Радовиш и општина Карбинци од септември 2025 година;
- Одлука за овластување за изградба на енергетски објект фарма за ветерници на Друштвото за производство и трговија на електрична енергија Инвалл Мак дооел – Скопје донесена од Влада на Република С. Македонија со бр. 50-1862/6 од 25.02.2025 година објавена во Сл. Весник бр. 50/25;
- Услови за планирање на просторот со тех. бр. 11609 од септември 2009 година и Решение од Министерството за животна средина и просторно планирање - Сектор за просторно планирање со бр. 15-5967/4 од 02.11.2009 година;
- Услови за планирање на просторот, со тех. бр. Y0025 од март 2025 година, изработени од Агенција за планирање на просторот и Решение за Услови за планирање на просторот со арх. бр. 15-1569/2 од 07.04.2025 година издадено од Министерството за животна средина и просторно планирање - Сектор за просторно планирање;
- Услови за планирање на просторот од Агенција за планирање на просторот со технички број Y40325 од септември 2025 и Решение за Услови за планирање на просторот издадено од Министерство за животна средина и просторно планирање со број 15-4071/2 од 02.10.2025 година, добиени во постапка број 74506 (Детали за УПП) издадено од Министерството за животна средина и просторно планирање - Сектор за просторно планирање;
- Извод бр. 85/2025 од одобрен Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на Ветерен Парк (за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет над 10Mw) во општина Штип, општина Радовиш и општина Карбинци, изработен од „Квадар„ ДОО Скопје, со тех. број 0701-960 од јуни 2025 година донесен со Одлука број 50-5847/15 од 17.06.2025 година;


Министерство за транспорт
Република Северна Македонија
Ул. „Црвена Скопска Општина“ бр. 4,
1000 Скопје
+389 2 3145 451
www.mtc.gov.mk

- Решение за согласност за приклучувањее на ВЕЦ Штип на преносна мрежа од АД МЕПСО, број 11-3413/1 од 09.06.2025 година;
- Решение, број УП1-11/4-210/2024 од 14.02.2024 година за продолжување на важност на Решение со број 11-1324/4 од 28.03.2022 година со кое се продолжува важност на Решение со кое се издава согласност на Студијата за ОВЖС со арх.бр. УП1-11/4-1991/2021 од 21.01.2022 година;
- Планска Програма за изработка на Изменување и дополнување на урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на ветерен парк (за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет над 10MW) во општина Штип, општина Радовиш и општина Карбинци, изработена од Друштво за проектирање, трговија и инженеринг „Урбан Проектинг" дооел Велес со тех. број 64/25 од ноември 2025 година;

Министерството за транспорт по разгледувањето на доставената документација и Предлогот за одобрување, број 67-1215/36 од 13.11.2025. година на Планската програма од Комисијата за урбанизам, констатира дека се исполнети условите од член 44 и член 25 став (3) од Законот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на Република С. Македонија", бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25) и член 21 од Правилникот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на Република С. Македонија", бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 7/25 и 143/25).

Согласно горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение може да се поднесе тужба до Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на Решението.

МИНИСТЕР
АЛЕКСАНДАР НИКОЛОСКИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ СКОПЈЕ - SHKUP

Изработил: Александар Наумоски, дси
Одобрил: Илина Лалкова, диа
Помошник Раководител на Сектор за уредување на просторот


Министерство за транспорт
Република Северна Македонија
Ул. „Црвена Скопска Општина" бр. 4,
1000 Скопје
+389 2 3145 451
www.mtc.gov.mk